**20241692955**

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 август 2024 година.

Бр. 08-4047/1
13 август 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

Член 1

Во Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 283/23) во член 20 ставовите 2, 3 и 4 се бришат.

Ставовите 5, 6 и 7 стануваат ставови 2, 3 и 4.

Ставот 8 кој станува став 5 се менува и гласи:

„При доставување на барање за вработување во единки корисници, раководителот на правниот субјект доставува Табеларен преглед кој содржи податоци за: број на вработени со состојба 31 декември во последните три години, планирани средства во масата на плати, исплатени средства од масата на плати до моментот на поднесување на барањето за вработување, потребни средства за исплата на плата до крајот на годината за постојните вработени, потребни средства за нереализираните вработувања за кои има издадено претходно известување за обезбедени финансиски средства и потребни средства за бараниот број на нови вработувања до крајот на годината. Раководителот на правниот субјект во прилог на барањето доставува и потпишана изјава со која потврдува дека во рамките на масата на плати има обезбедено средства за бараните вработувања.“.

По ставот 5 се додава нов став 6, кој гласи:

„При доставување на барањето од ставот 2 на овој член, за пополнување на работно место во јавните претпријатија, агенциите и трговските друштва основани од Република Северна Македонија, раководителот на правниот субјект доставува финансиски и други податоци за бараното вработување, како и потпишана изјава за обезбедени средства за реализација на истото во Финансискиот план на правниот субјект за тековната година, одобрен од надлежните органи согласно со закон.“.

Ставовите 9 и 10 се бришат.

Ставот 11 станува став 7.

Член 2

Во член 22 ставот 2 се брише.

Член 3

Во член 24 зборовите: „политички систем и односи меѓу заедниците“ се заменуваат со зборовите: „односи меѓу заедниците“.

Член 4

Во членот 31 по зборот „економија“ се додаваат зборовите: „и труд“.

Член 5

По членот 32 се додава нов член 32-а, кој гласи:

„Член 32-а

Средствата утврдени во Раздел 121.01 - Министерство за животна средина и просторно планирање, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 6

Во членот 33 зборовите: „и врски“ се бришат.

Член 7

По членот 33 се додава нов член 33-а, кој гласи:

„Член 33-а

Средствата утврдени во Раздел 130.01 - Министерство за транспорт, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 8

Во членот 37 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 9

По членот 37 се додава нов член 37-а, кој гласи:

„Член 37-а

Средствата утврдени во Раздел 150.01 - Министерство за социјална политика, демографија и млади, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 10

Во членот 38 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 11

Во членот 39 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 12

Во членот 40 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 13

Во членот 41 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 14

Во членот 42 зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 15

По членот 45 се додава нов член 45-а, кој гласи:

„Член 45-а

Средствата утврдени во Раздел 160.01 - Министерство за образование и наука, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 16

По членот 46 се додаваат два нови члена 46-а и 46-б, кои гласат:

„Член 46-а

Средствата утврдени во Раздел 162.01 - Министерство за спорт, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 46-б

Средствата утврдени во Раздел 180.10 - Финансирање на дејностите од областа на културата, Потпрограма АА - Инфраструктурни проекти на општините, ставка 488 - Капитални дотации до ЕЛС, се користат врз основа на донесена одлука од Владата на Република Северна Македонија на предлог на надлежното министерство во соработка со Министерството за локална самоуправа. Средствата се користат врз основа на утврдени критериуми и процедури за распределба на капиталните дотации од страна на надлежното министерство, а исплатата на средствата се врши врз основа на изведени работи и комплетна исплатна документација.“.

Член 17

Во член 47 во ставот (2) зборовите: „труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „социјална политика, демографија и млади“.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.